**608.**

Врз основа на член 26 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/07 и 98/09 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВНИ ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РАЗЛИЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ЦИВИЛНОТО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство.

Член 2

(1) Заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство се утврдени во Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот, изменета со Регулативите (ЕУ) бр. 2021/1087, (ЕУ) бр. 2024/1689, (ЕУ) бр. 2024/2803 и (ЕУ) бр. 2025/870 (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2018/1139) која се прифаќа и директно се применува и која е објавена на интернет страницата на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

(2) Правилата за примена или дополнување на ЕУ Регулативата 2018/1139 се утврдени во:

- Делегираната Регулатива (ЕУ) бр. 2022/1645 на Комисијата од 14 јули 2022 година за воспоставување на правила за примена на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот во однос на барањата за управување со ризиците врз обезбедувањето на информациите што можат да влијаат на воздухопловната безбедност кај организациите што се опфатени со Регулативите (ЕУ) бр. 748/2012 и (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕУ) бр. 748/2012 и (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2022/1645),

- Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 на Комисијата од 27 октомври 2023 година за воспоставување на правила за примена на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот во однос на барањата за управување со ризиците врз обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност кај организациите што се опфатени со Регулативите (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) 2015/340 на Комисијата, Регулативите за спроведување (ЕУ) 2017/373 и (ЕУ) 2021/664 на Комисијата и за надлежните органи опфатени со Регулативите (ЕУ) бр. 748/2012, (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) бр. 2015/340 и (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата, Регулативи за спроведување (ЕУ) бр. 2017/373 и (ЕУ) бр. 2021/664 на Комисијата и изменување и дополнување на Регулативите (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) бр. 748/2012, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 139/2014, (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) бр. 2015/340 на Комисијата и Регулативите за спроведување (ЕУ) бр. 2017/373 и (ЕУ) бр. 2021/664 на Комисијата, изменета со Регулативите (ЕУ) бр. 2023/1769 и (ЕУ) бр. 2024/1109 (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2023/203),

- Делегираната Регулатива (ЕУ) бр. 2024/1107 на Комисијата, од 13 март 2024 година, за дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот со воспоставување на детални правила за континуирана пловидбеност на сертифицираните системи на воздухоплови без екипаж и нивните компоненти и одобрување на организации и персонал инволвиран во тие задачи (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2024/1107),

- Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2024/1109 на Комисијата, од 10 април 2024 година, за утврдување на правилата за примена на Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот во однос на условите за надлежните органи и административните процедури за издавање на уверенија, надзор и преземање мерки во случај на повреда на прописите за континуираната пловидбеност на сертифицираните системи на воздухоплови без екипаж, и за изменување и дополнување на Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2023/203 (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2024/1109),

- Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2024/1403 на Комисијата од 12 март 2024 година за дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и Советот со определување на условите и процедурите за акредитација на квалификувани субјекти од страна на агенцијата на европската унија за безбедност на воздухопловството (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2024/1403),

- Делегираната регулатива (ЕУ) бр. 2025/20 на Комисијата, од 19 декември 2024 година, за дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот со воспоставување на правила за безбедно давање на земските услуги и за организациите кои ги даваат тие услуги (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2025/20) и

- Делегираната регулатива (ЕУ) бр. 2025/1044 на Комисијата од 23 мај 2025 година за дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот со детални правила и постапки за прифаќање на дозволите и уверенијата на контролор на летање издадени од трети земји (во понатамошниот текст: ЕУ Регулативата 2025/1044), кои се прифаќаат и директно се применуваат и кои се објавени на интернет страницата на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Член 3

(1) При спроведувањето на одредбите на овој правилник одделни поими го имаат следното значење:

1. EASA (European Union Aviation Safety Agency) е Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството и

2. Национална воздухопловна власт, надлежен орган, надлежен орган на земјите членки се толкуваат, ако е применливо, како Агенција за цивилно воздухопловство.

(2) Поимите „Заедница (Community)", „Право на заедницата (Community law)", „Законски прописи на Заедницата (Community legislation)", „Инструменти на Заедницата (Community instruments)", „Договор за ЕЗ (EC Treaty)", „Аеродром на Заедницата (Community airport)", „Службен весник на Европските Заедници (Official Journal of the European Communities)", „Службен весник на Европската Унија (Official Journal of the European Union)", „Авиопревозник од Заедницата (Community air carrier)" и „земја(-и) членка(-и) (Member State(s))" употребени во ЕУ Регулативите 2018/1139, 2022/1645, 2023/203, 2024/1107, 2024/1109, 2024/1403, 2025/20 и 2025/1044 се читаат согласно точките 2 и 3 од Анексот II на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Ал-

банија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07 и 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.259/19) (во понатамошниот текст: Спогодба за ЕЗВО).

(3) Другите поими кои се користат при спроведувањето на овој правилник, го имаат значењето утврдено во ЕУ Регулативите 2018/1139, 2022/1645, 2023/203, 2024/1107, 2024/1109, 2024/1403, 2025/20 и 2025/1044 доколку поинаку не е уредено со ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 4

Деталните правила поврзани со функционирањето на ЕАSA кое има за цел да се обезбеди спроведувањето на ЕУ Регулативата 2018/1139 од член 2 став (1) на овој правилник и нејзините правила за спроведување се пропишани во:

- Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 628/2013 на Комисијата, од 28 јуни 2013 година за работните методи на ЕАSA за спроведување на стандардизациони инспекции и надгледување на примената на правилата од Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 736/2006,

- Регулативата (ЕЗ) бр. 104/2004 на Комисијата, од 22 јануари 2004 година за утврдување на правила за организација и состав на Одборот за жалби на Европската Агенција за безбедност на воздухопловството,

- Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 646/2012 на Комисијата, од 16 јули 2012 за утврдување на детални правила за казни и периодично плаќање на казни согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот, и

- Регулативата (ЕУ) бр. 2019/2153 на Комисијата, од 16 декември 2019 година за надоместоци и давачки воведени од Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за укинување на Регулативата (ЕУ) бр. 319/2014, кои се прифаќаат и директно се применуваат и кои се објавени на интернет страницата на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Член 5

(1) Одредбите од членовите 5, 6, 63, 64 став (1), 65, 66, 67, 70, 71 ставови (2) и (3), 72, 74 и Главата V на ЕУ Регулативата 2018/1139 ќе отпочнат да се применуваат од денот на завршувањето на вториот преоден период од Протоколот V на Спогодбата за ЕЗВО.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член одредбите од членовите 63, 70, 71 ставови (2) и (3), 72, 74 и Главата V на ЕУ Регулативата 2018/1139, ќе се применуваат од денот на склучување на работен аранжман за имплементација на Спогодбата за ЕЗВО помеѓу ЕАSA и Агенцијата за цивилно воздухопловство, доколку истиот е склучен пред истекот на вториот преоден период од Протоколот V на Спогодбата за ЕЗВО.

Член 6

(1) Одредбите на ЕУ Регулативата 2024/1689 со која се менува и дополнува ЕУ Регулативата 2018/1139 ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2028 година.

(2) Одредбите на ЕУ Регулативата 2025/20 со која се дополнува ЕУ Регулативата 2018/1139 ќе отпочнат да се применуваат од 27 март 2028 година, со исклучок на одредбите од точка ORGH.MGM.201 од Анексот 1 на Регулативата кои ќе отпочнат да се применуваат од 27 март 2031 година.

(3) Одредбите на ЕУ Регулативата 2022/1645 од член 2 став (2) на овој правилник ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.

(4) Одредбите на ЕУ Регулативата 2023/203 од член 2 став (2) на овој правилник ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.

(5) Одредбите на ЕУ Регулативата 2024/1109 од член 2 став (2) на овој правилник ќе отпочнат да се применуваат од 1 мај 2026 година.

Член 7

Одредбите на ЕУ Регулативите од член 4 на овој правилник ќе отпочнат да се применуваат од денот на завршувањето на вториот преоден период од Протоколот V на Спогодбата за ЕЗВО.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/24).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-314/1 | Директор на Агенција |
| 20 февруари 2026 година | за цивилно воздухопловство, |
| Скопје | **Драги Стојаноски,** с.р. |

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**609.**

Врз основа на член 54 став (1) точка 1) потточка 1.20 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 8 став (2) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22 и 218/25) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 237/25), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 23.2.2026 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 73,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 75,50 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 69,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 68,00 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 34,520 (денари/килограм) |